Друштво за логистика
ВИАТОР И ВЕКТОР ДОО
СКОПЈЕ

| Примено: | 01. 11. 16 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 07/01 | 3841 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.ПЦ.001.02-ОБ.04.02

Врз основа на член 10 став 8 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04...23/16), Царинската управа решавајќи по барањето за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки на Виатор и Вектор Доо од Скопје, донесе

# ОДОБРЕНИЕ

## за вршење на работи за застапување во царинските постапки

1. СЕ УВАЖУВА барањето на Виатор и Вектор Доо од Скопје, со седиште на бул.Авној 74 б Скопје и ЕДБ 4030993211371 и се издава ОДОБРЕНИЕ за вршење работи за застапување во царинските постапки со реден број 88.

2. Тужбата не го одлага извршувањето на ова Одобрение.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Трговското друштво Виатор и Вектор Доо од Скопје со седиште на бул.Авној 74 б Скопје и ЕДБ 4030993211371, до Царинската управа поднесе Барање за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки број 10-087621/15-0001 од 27.11.2015 година и дополнување на барањето од 09.03.2016 година.

Кон барањето ги достави следните докази за исполнетост на условите за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки:

1. Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија број 0805-50/150020150202457 од 19.10.2015 година и Решение за упис 30120140022311 од 26.05.2014 година;

2. М1/М2 образец за лице со лиценца за вршење на застапување на име Влатко Петров, број 515 од 18.10.2016 година;

3. Овластување за потпишување на царински декларации бр. 03-5933/1 од 27.11.2015 година;

4. Изјава број 03-5933/2 од 27.11.2015 година дека подносителот на барање има склучено договор со Царинската управа за пристапување до компјутерскиот систем за обработка на царински документи и подносителот го гарантира исполнувањето на обврските кои произлегуваат од вршењето на застапување

во царинските постапки согласно член 5 став 1 точка ѓ) од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки;

5. Имотен лист издаден од Агенција за катастар за поседување на деловен простор број 40257 од 09.03.2016 година;
6. Спецификација на опрема која се употребува за вршење на застапување во царинските постапки и опис на системот за пристапување кон системот за обработка на царински декларации и други документи на Царинската управа;
7. Потврда од казнена евиденција од Основниот суд Скопје, број КР-2778/16 од 09.02.2016 година, дека за трговското друштво Виатор и Вектор Доо Скопје не се евидентирани изречени правосилни осудителни пресуди;
8. Потврда од казнена евиденција од Основниот суд Скопје, број КР-23847/15 од 28.12.2015 година, дека против управителот на трговското друштво, Владо Коцаре не се евидентирани изречени правосилни осудителни пресуди;
9. Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи, број 25-45/6518/3 од 23.09.2015 година, дека трговското друштво Виатор и Вектор Доо од Скопје ги има измирено сите пријавени и доспеани обврски по основ на даноци и други давачки.

По извршената проверка на наводите во барањето и приложените докази, како и увид во електронската база на царински прекршоци и Одговорот на барање за ненамирени обврски и долгови од Одделението за наплата, Царинската управа утврди дека Виатор и Вектор Доо од Скопје ги исполнува условите од член 5 став 1 од Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14...23/16).

Согласно член 6 од Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки, овластениот застапник е должен во рок од осум дена писмено да ја извести Царинската управа за секоја промена која се однесува на исполнување на условите од член 5 став 1 од Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки , а кои се релевантни за издавање, изменување или одземање на одобрението за вршење на работи на застапување во царинските постапки.

Врз основа на ваквата правна и фактичка состојба, а согласно член 5 став 3 од Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки се одлучи како во диспозитивот на ова Одобрение.

Согласно член 4 став 3 од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки тужбата не го одлага извршувањето на ова решение.

Административната такса во износ од 550,00 денари е наплатена согласно Тарифен број 1 и 95 од ТАТ.

Упатство за правно средство:

Против ова Одобрение може да се поднесе тужба пред Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Помошник директор,
Вера Мицевска

У.бр.С. 46200/15
Бр. 10-087621/15-0004
Скопје 26-10-2016

Доставено во оригинал до:

- Виатор и Вектор Доо бул.Авној 74 б Скопје Скопје
- Предмет,
- Писарница